**Анкета за инфлациските очекувања и очекувањата за движењето на реалниот БДП**

**- јуни 2021 г. -**

Анкетата за инфлациските очекувања и очекувањата за движењето на реалниот БДП[1] за периодот 2021 – 2023 година, спроведена во јуни[2], покажува одредени промени на очекувањата за просечната стапка на инфлација, додека во однос на очекувањата за растот на БДП тие главно се слични како во претходната анкета. Како и досега, економските аналитичари ги објаснуваат очекуваните движења и кај инфлацијата, и кај БДП, главно со случувањата и ефектите од глобалната криза предизвикана од пандемијата на ковид-19 и мерките за справување со неа.

Во однос на **инфлацијата**, просечните очекувања за 2021 година упатуваат на просечна стапка од 2,3%, наспроти 1,8% во претходната анкета. Очекувањата за 2022 и 2023 година се минимално повисоки, односно испитаниците очекуваат дека стапката на инфлација ќе изнесува 2,1% во 2022 (1,9% во претходната анкета) и 2,0% во 2023 година (1,9% во претходната анкета). Слично како и во претходната анкета, испитаниците ги објаснуваат своите инфлациски очекувања со неизвесноста предизвикана од пандемијата на ковид-19 и повисоките цени на храната и енергијата, односно на увезените добра. Исто така, испитаниците сметаат дека постепеното надминување на кризата, монетарните и фискалните стимули, растот на домашната побарувачка, растот на цените на недвижностите, како и закрепнувањето на економијата, би придонесле кон повисок раст на инфлацијата. Од друга страна, пролонгирањето на кризата и повторното воведување рестриктивни мерки за справување со вирусот, а со тоа и зголемување на неизвесноста и забавување на закрепнувањето на домашната економија, како и евентуално пониските увозни цени би можеле да доведат до пониска стапка на инфлација. Во поглед на **економската активност**, во оваа анкета не се забележуваат поголеми промени во очекувањата на аналитичарите во споредба со претходната анкета. Така, анкетираните аналитичари и понатаму очекуваат економски раст од 2,0% во 2021 година, а очекувањата за 2022 и 2023 година се минимално ревидирани надолу, упатувајќи на раст од 3,0% во 2022 година (3,1% во претходната анкета) и 3,3% во 2023 година (3,4% во претходната анкета). Слично како и во претходната анкета, испитаниците ги посочуваат следниве фактори коишто влијаат врз нивните очекувања: продолжувањето на негативните ефекти од пандемијата на ковид-19, можното дополнително воведување заострени рестриктивни мерки како резултат на појавата на новите мутации на вирусот и недоволната ефикасност на веќе применуваните вакцини на овие мутации, намалување на домашната и странската побарувачка и воздржаност на домашните и странските инвеститори поради неизвесноста од пандемијата и неизвесното остварување на капиталните инвестиции. Исто така, аналитичарите посочуваат и на геополитичките

[1] Во 2017 година, Народната банка на Република Северна Македонија направи промена во анкетното истражување „Анкета за инфлациските очекувања“, коешто е преименувано во „Анкета за инфлациските очекувања и очекувањата за движењето на реалниот БДП“, чијашто нова структура го следи квартално прашалник за професионални прогнозери (Quarterly Survey of Professional Forecasters, https://www.ecb.europa.eu/stats/ecb_surveys/survey_of_professional_forecasters/html/index.en.html), што го спроведува Европската централна банка (ЕЦБ), а воедно ја промени и структурата на примерокот, којшто сега е составен само од економски експерти.

[2] Анкетата се спроведуваше во периодот од 8 до 15 јуни 2021 година.

случувања, како и на можноста за натамошната блокада за започнување на преговорите со ЕУ. Сепак, аналитичарите наведуваат дека постојат и позитивни ризици, како започнатата вакцинација дома и во странство, побрзото справување со корона-вирусот во глобални рамки, преземените монетарни и фискални мерки, почнувањето на преговорите за интеграција во ЕУ и враќањето на оптимизмот кај субјектите во економијата (кај потрошувачите и инвеститорите), како и зголеменото остварување на капиталните проекти, коишто би можеле да имаат позитивно влијание врз растот во наредниот период и да придонесат за побрзо посткризно закрепнување на економијата.







Во рамките на Анкетата испитаниците даваат и свој поглед за **распределбата на веројатноста за остварување определени стапки во зададен интервал**. Овие оцени се користат за создавање на агрегатната распределба на веројатностите[3]. Агрегатната распределба на веројатностите за остварување на дадените стапки на инфлација и БДП во петнаесет интервали се прикажани на следниве графикони, а резултатите главно се совпаѓаат со стапките коишто ги очекуваат испитаниците.

[3] Агрегатната распределба на веројатностите претставува просек од оценетите веројатности од испитаниците за секој интервал на очекувана стапка на инфлација и стапка на раст на БДП.










Во согласност со очекувањата за **стапките на инфлација,** како и неизвесноста од влијанието од глобалната пандемија, во однос на претходната анкета, распределбата на веројатностите за оваа и следните две години упатува на поместувања кон интервалите со повисоки вредности и концентрација на веројатностите во интервалот на очекуваната просечна стапка на инфлација, за секоја година, соодветно.










Во услови на непроменета очекувана **стапка на раст на БДП** за 2021 година и минимална надолна ревизија на очекуваната стапка на раст за 2022 и 2023 година, не се забележуваат поголеми поместувања и во распределбата на веројатностите во споредба со претходната анкета.